**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И**
**АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**УП 1 Бр.** 08-849
18.06. **2015 година**
**Скопје**

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 18 став 1 алинеја 2 и член 20 став 1 алинеја 10, а во врска со член 76 став 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), член 15 став 1 алинеја 2, член 39 став 1 алинеја 10 и член 51 став 3 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, во врска со поднесеното Барање за доделување дозвола без објавување на јавен конкурс бр.08-819 од 03.06.2015 година и Заклучокот бр.02-4030/2 од 18.06.2015 година, на својата 21-ва седница одржана на 18.06.2015 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## за доделување дозвола за телевизиско емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс на регионално ниво

1. СЕ ДОДЕЛУВА дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис со претежно забавен општ формат на македонски јазик, на регионално ниво, на подрачјето Д5 – Пелистер (Општина Битола, Општина Прилеп, Општина Новаци, Општина Могила, Општина Кривогаштани, Општина Долнени, Општина Крушево, Општина Демир Хисар, Општина Ресен, Општина Кичево, Општина Македонски Брод, Општина Пласница), на Трговското радиодифузно друштво ВИЖН БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДООЕЛ Прилеп, ул. „Јоска Јорданоски" бр.5, Прилеп, со ЕМБС 6325432 и ЕДБ 4021008502198.

2. Телевизискиот програмски сервис од точка 1 на оваа Одлука ќе се емитува преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс.

3. Дозволата од точка 1. на оваа Одлука, се доделува за временски период од 9 (девет) години и таа не може да се пренесува на друго лице.

4. За дозволата, радиодифузерот од точка 1 на оваа Одлука ќе плаќа годишен надоместок на сметка на Агенцијата, за секоја тековна година почнувајќи од датумот на доделување на дозволата во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата.

5. Трговското радиодифузно друштво ВИЖН БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДООЕЛ Прилеп, се обврзува да започне со вршење на дејноста на 26.06.2015 година.

Во случај на непочитување на рокот за започнување на дејноста наведен во став 1 на оваа точка од Одлуката, Агенцијата ќе ја одземе доделената дозвола пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери.

6. Оваа Одлука е конечна и ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија" и на веб страницата на Агенцијата.

## Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно член 76 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, доделува дозвола за телевизиско или радио емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс или преку сателит, за која не се распишува јавен конкурс

и дозволата се доделува по барање на заинтересирана страна на начин и постапка утврдени со напред цитираниот Закон.

Трговското радиодифузно друштво ВИЖН БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДООЕЛ Прилеп, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски поднесе Барање за доделување дозвола без објавување на јавен конкурс, бр.08-819 од 03.06.2015 година, за телевизиско емитување на програмски сервис со претежно забавен општ формат, на македонски јазик, на регионално ниво, на подрачјето Д5 – Пелистер (Општина Битола, Општина Прилеп, Општина Новаци, Општина Могила, Општина Кривогаштани, Општина Долнени, Општина Крушево, Општина Демир Хисар, Општина Ресен, Општина Кичево, Општина Македонски Брод, Општина Пласница).

Телевизискиот програмски сервис за кој се доделува оваа дозвола, ќе се емитува преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги утврди дека предметниот барател ги исполнува условите и обврските утврдени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и прописите донесени врз основа на овој Закон, како и тоа дека на Трговското радиодифузно друштво ВИЖН БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДООЕЛ Прилеп како подносител на Барањето - не му е одземена дозвола за телевизиско или радио емитување во последните 5 (пет) години.

Трговското радиодифузно друштво ВИЖН БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДООЕЛ Прилеп, за дозволата која му се доделува со оваа одлука обврзан е да плаќа годишен надоместок на сметка на Агенцијата, за секоја тековна година почнувајќи од датумот на доделување на дозволата во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата. Начинот на пресметка, фактурирање и наплата на надоместокот за дозволата за телевизиско емитување по барање преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс на регионално ниво ги утврдува Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно член 80 од напред цитираниот Закон и согласно Правилникот за процедурите на финансиското и сметководственото работење на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-6222/1 од 12.12.2014 година.

Согласно поднесеното Барање за доделување дозвола без објавување на јавен конкурс бр.08-819 од 03.06.2015 година, Трговското радиодифузно друштво ВИЖН БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДООЕЛ Прилеп, со оваа Одлука се обврза да започне со вршење на дејноста на 26.06.2015 година, така што во случај на непочитување на рокот за започнување на дејноста, согласно член 82 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, се утврди дека Агенцијата ќе ја одземе доделената дозвола пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери.

Врз основа на сето погоре наведено, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 21-та седница, одржана на 18.06.2015 година, донесе Одлука како во диспозитивот, која е конечна и по нејзиното донесување ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“ и на веб страницата на Агенцијата.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против оваа одлука Барателот за доделување дозвола, може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката.

**Примерок од Одлуката да се достави до:**
- ТРД ВИЖН БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДООЕЛ Прилеп,
- Директорот на Агенцијата,
- Сектор за координација и поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата;
- Сектор за правни и економско-финансиски работи;
- Назначеното лице за водење на Уписникот за предметите по првостепената постапка во Агенцијата (Уп1).